РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2531/3
05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2531/1 од 22.09.2025 година, против директорката СОУ /// – ///, со наводи за вршење притисок на гласачи за Локални избори 2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека надлежен орган за постапување по овие наводи е Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Постапувајќи по член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК пријавата ја достави до Комисијата во Јавното обвинителство за следење на евентуални изборни нерегуларности, на нејзино надлежно постапување.

Предметот со број 12-2531/1 од 22.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 22.09.2025 година, поднесена е пријава против директорката СОУ /// – /// во која се содржани наводи за вршење притисок на гласачи за Локални избори 2025 година, и оформен е предмет број 12-2531/1 од 22.09.2025 година.

Во пријавата подносителот, споделувајќи интернет линк од објава на социјалната мрежа ///, пријавува дека директорката на СОУ /// – /// во група за електронска комуникација која преку апликација ја користат вработените во училиштето, споделила содржина креирана од политичка партија – изборен плакат на кандидат

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

за градоначалник на Општина /// на Локалните избори 2025 година со партиско обележје на политичката партија ///, заедно со молба до вработените за поддршка на кандидатот со споделување на објавата на нивните лични профили на социјалната мрежа ///.
Воедно, подносителот во пријавата упатува и други околности на вршење на притисок од страна на пријавеното службено лице врз оние вработени во СОУ /// – /// кои се поддржувачи на опонентите на политичката партија која ова службено лице ја симпатизира, како одземање на класови и селективно распределување на часови и класни раководства и манипулирање со распоредот на часови.

Во однос на пријавените наводи, постапувајќи согласно член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во кој е уредено дека: *„Доколку Државната комисија дознае или има основи за сомневање за поткуп при избори и гласање, односно за давањето или ветувањето подарок или друга корист за себе или за друг, на избирач при избори или гласање на референдум, за да гласа или да не гласа или да гласа за определен кандидат или определена одлука, за тоа без одлагање писмено ќе го извести надлежниот јавен обвинител“*, ДКСК пријавата ја достави до Комисијата во Јавното обвинителство за следење на евентуални изборни нерегуларности при Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk